РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) доставено е Барање за мислење во однос на тоа дали носителите на функции: проректор, претседател на Сенат и декан на јавна високообразовна установа (универзитет) може да бидат и избрани за членови на Управен одбор на МАРНЕТ.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019), го издаде следново:

## МИСЛЕЊЕ

Согласно член 44 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 97 став 16 и член 114 став 3 од Законот за високото образование, вршењето на должноста проректор и декан е неспојлива со вршење на друга јавна функција, како што е во случајов член на Управниот одбор на МАРНЕТ.

Согласно член 93 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат е орган на управување на универзитетите, по што согласно член 44 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидена забрана да избрано или именувано лице не може да врши функција на орган на управување во правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.

Имено, претседателот на Универзитетски сенат не може да ја извршува и функцијата член на Управен одбор на МАРНЕТ.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk